Врз основа на член 24 став 1 алинеа 5 од ЗЕК, а во врска со членовите 73, 76, 77, 79, 80, 81, 82, 84, 85, 86 и 88, од Законот за електронски комуникации (Службен Весник на Република Македонија број 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018, 21/2018 и Службен Весник на Република Северна Македонија број 98/2019), во постапката за определување на оператор со значителна пазарна моќ на определен релевантен пазар, директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 13.03.2020 ја донесе следната:

# О Д Л У К А

I

СЕ ОПРЕДЕЛУВА ТРД Кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип, за оператор со значителна пазарна моќ на релевантниот големопродажен пазар за услуги за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи на географското подрачје на Република Северна Македонија.

II

На ТРД Кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип му се наметнуваат следните обврски:

- обврски за интерконекција и пристап
- обврска за транспарентност при интерконекција или пристап,
- обврска за недискриминација при интерконекција или пристап,
- обврска за посебно сметководство при интерконекција или пристап и
- контрола на цени и обврски за сметководство на трошоци.

III

ТРД Кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип се задолжува во рок од 30 дена од денот на донесување на оваа Одлука да достави Предлог на референтна понуда за интерконекција усогласена со член 84 став 3 од Законот за електронските комуникации.

IV

ТРД Кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип е должно обврските утврдени во точка II на оваа Одлука да ги исполни на начин и постапка утврдена во согласност со Законот за електронските комуникации и прописите донесени врз основа на него.

V

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

VI

Одлуката е конечна.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Агенцијата за електронски комуникации во соработка со Комисијата за заштита на конкуренцијата спроведе анализа на релевантниот големопродажен пазар за услуги за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи на географското подрачје на Република Северна Македонија. Анализата беше спроведена на начин и постапка утврдени со Законот за електронски комуникации и прописите донесени врз негова основа, а при тоа имајќи ги предвид основните напатствија на Европската Комисија за спроведување на анализи на релевантни пазари и утврдување на оператори со значителна пазарна моќ на релевантните пазари на електронските комуникации.

Во согласност со членот 13 од Законот за електронските комуникации на ден 22.01.2020 год. Нацрт документот за анализа на релевантниот пазар за услуги за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи беше објавен на јавна расправа со што им беше дадена можност на сите заинтересирани страни да достават свои мислења и забелешки. Финалниот документ од анализата беше објавен на веб страницата на Агенцијата за електронски комуникации на ден 13.03.2020 год.

Со анализата беше опфатен периодот од 01.01.2017 год до 30.06.2019 година. Основна цел на анализата беше да се определи дали на релевантниот пазар има доволно конкуренција или тој се приближува кон состојба на ефективна конкуренција, или пак постои оператор на јавна мобилна комуникациска мрежа кој има моќ и капацитет самостојно или заедно со други оператори да дејствува независно од конкурентите и корисниците на тој пазар во однос на цените или понудата, односно да се определи дали на пазарот постои оператор со значителна пазарна моќ.

При проценката дали еден оператор има значителна пазарна моќ на релевантен пазар беа земени во предвид критериумите утврдени во членот 77 од Законот за електронски комуникации и притоа се утврди дека:

- операторот ТРД Кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип започнува со работа како хибриден виртуелен мобилен мрежен оператор на пазарот на мобилни комуникации на 01. Октомври 2018 година. Своите први корисници во кварталните извештаи ги пријавува започнувајќи од 01. Јануари 2019 година. Во моментот на спроведување на оваа анализа операторот поседува 0,42% од вкупниот малопродажен пазар на мобилна телефонија според бројот на претплатници на крајот на вториот квартал од 2019 година,
- операторот ТРД Кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип гледано од аспект на контрола на инфраструктурата (сопствена или изнајмена), ќе заклучиме дека операторот кој поседува мрежна инфраструктура или оној кој ја изнајмува се во состојба да ја обезбедуваат услугата за завршување на повик во јавна мобилна комуникациска мрежа до своите крајни корисници. На тој начин тие имаат сопствена пазарна доминација на сопствената физичка или виртуелна мрежна инфраструктура,

- нити еден друг оператор не е во состојба да ја обезбедува услугата за завршување на повик освен операторот во чија мрежа (сопствена или изнајмена) завршува упатениот повик. Според тоа операторот ТРД Кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип поседува пазарна доминација за повиците кои ги завршува кај сопствените крајни корисници а ги добива од другите мобилни оператори врз основа на договорите за интерконекција кои ги склучил.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, како и фактот дека постојат ограничувања за влез на пазарот и отсуството на ефективна конкуренција се доволен показател за постоење на доминација на пазарот. Според тоа беше донесен заклучок дека операторот ТРД Кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип е оператор со значителна пазарна моќ на релевантниот пазар за услуги за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи на географско подрачје на Република Северна Македонија.
Врз основа на Препораката[1] за регулаторен третман на цените за терминација во фиксна и мобилна во ЕУ и Заедничкиот Став на ERG (BEREC)[2] :

"Нов учесник на пазарот може да биде третиран дека има повисоки трошоци по единица услуга за определен транзициски период додека постигне минимален степен на ефикасност во работењето. Националното регулаторно тело може да им овозможи, после потврдувањето дека постојат реални пречки на пазарот за влез на нови учесници, дека постојат бариери за експанзија, да ги надоместат нивните повисоки инкрементални трошоци од оние на моделираниот оператор за транзициски период кој не треба да биде подолг од 4 години после влезот на пазарот.

Земајќи го во предвид и заедничкиот став на ERG (BEREC), разумно е да се предвиди еден период од 4 години во кој ќе биде воспоставена асиметрија на големопродажната цена на новиот оператор, засновано на проценка дека на новите оператори на малопродажниот пазар на мобилни комуникации им се потребни три до четири години после влезот за да достигнат пазарен удел помеѓу 15 – 20% , при што би постигнале минимум степен на ефикасност."

Земајќи ја предвид оваа Препорака и Заедничкиот став на ERG (BEREC), АЕК одлучува да ја аплицира оваа препорака при имплементирање на големопродажната цена на операторот ТРД Кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип. Операторот врз основа на сопственото моделирање на трошоците ќе ја предложи големопродажната цена за услугата за завршување на повик во јавна мобилна електронска комуникациска мрежа како целосен виртуелен мобилен мрежен оператор согласно членот 88 од Законот за електронските комуникации и Правилникот за содржината и информациите

[1] COMMISSION RECOMMENDATION of 7 May 2009 on the Regulatory Treatment of Fixed and Mobile Termination Rates in the EU

[2] ERG (07) 83 final 080312 - ERG's Common Position on symmetry of fixed call termination rates and symmetry of mobile call termination rates

што треба да бидат објавени во Референтната понуда за пристап до јавни мобилни комуникациски мрежи и услуги објавен во Службен весник на РМ бр. 94 од 16.05.2016. Големопродажната цена за услугата завршување на повик ќе се изедначи (целосна симетрија) со цените на другите два активни мобилни мрежни оператори Македонски Телеком АД и А1 Македонија ДООЕЛ до истекот на четири години сметани од моментот на влез на пазарот на операторот ТРД Кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип согласно службената евиденција на Агенцијата за електронски комуникации.

Со оглед на ова а во соработка со Комисијата за заштита на конкуренцијата на определениот оператор со значителна пазарна моќ му се утврдуваат обврски кои му се наметнуваат и за кои се смета дека се најсоодветни за констатираната доминација на операторот на релевантниот големопродажен пазар за услуги за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи.

Со оглед на ова а врз основа на член 24 од ЗЕК, а во врска со членовите 73, 76, 77, 79, 80, 81, 82, 84, 85, 86 и 88, од Законот за електронски комуникации (Службен Весник на Република Македонија број број 39/2014, 188/2014, 44/2015 и 193/15, 11/2018, 21/2018 и 98/2019), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации донесе Одлука како во диспозитивот.

Марјан Пејовски
Раководител на одд. за анализа на пазарите

Раководител на Сектор за регулатива
Кристина Божиновска

Синиша Апостолоски
Советник за регулатива (по овластување)

Директор
Сашо Димитријоски

Наш бр. 1302-1123/2
Скопје, 13.03.2020